Бр./Nr 12-2345/2
03-09-2026 г./v.



Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница, одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2345/1 од 03.07.2026 година, со наводи против лицето --------- ----------------, Претседател на --------------------------- ------------- -- ------------ --------------------- ----------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Министерство за спорт-Одделение за инспекциски надзор во спортот.

Предметот со број 12-2345/1 од 03.07.2026 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден од 03.07.2026 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава против лицето ------------- --------------, Претседател на --------------------------- ------------- -- ------------ ---------------------- ----------------. Во пријавата изнесените наводи против наведеното лице се однесуваат за сомневање за неправилности во врска со користење на јавни средства нетранспарентно работење, даночно затајување и други злоупотреби.

По разгледување на содржината на пријавата, ДКСК утврди дека Претседателот на ---------------------------- ------------- -- ------- не претставува службено лице, ниту избрано лице или именувано лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите. Федерацијата претставува здружение кое е основано согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт. Фактот што федерацијата користи буџетски средства не создава статус на службено лице за нејзиниот Претседател, бидејќи законот го врзува тој статус за природата на функцијата, а не изворот на финансирање на правното лице.

Имајќи го предвид наведеното ДКСК оцени дека нема елементи за свое надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, а со оглед на содржината на наводите во пријавата истата ќе ја достави на надлежно постапување на Министерството за спорт-Одделение за инспекциски надзор во спортот, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц.,Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до
-подносителот на пријавата